# Кодекс на однесување и етика Политика за поткуп и недолични плаќања

ETHICS & LEGAL COMPLIANCE | ISSUED: June 1, 2014 – REVISED: June 20, 2024

Magna забранува поткуп и недолични плаќања во сите нејзини деловни зделки во секоја земја. Оваа политика се однесува на Magna International Inc. и сите нејзини работни групации, оддели, заеднички вложувања и други операции на глобално ниво (заедно, „Magna“). Оваа политика се однесува и на сите лица кои делуваат во име на Magna, вклучително вработените, службениците, директорите, консултантите и агентите.

Во Magna бизнисот мора да се води со интегритет и да се добива правично врз основа на производот и цената, а не преку понуда, плаќање или примање поткуп и други недолични плаќања. Кодексот на однесување и етика на Magna изречно забранува поткупи и други недолични плаќања. Секој вработен или друго лице што дејствува во име на Magna, кое учествува во такви активности, ќе биде подложно на дисциплинска постапка до и вклучително со прекин на работниот однос или друг договор, а исто така може да подлежи и на кривично гонење.

Многу земји имаат закони со кои поткупот и другите недолични плаќања се незаконски, дури и кога се случуваат во друга земја. Прекршувањето на овие закони претставува сериозен прекршок, којшто може да резултира со парични казни, и за Magna, и за нејзините вработени (вклучително и менаџерите кои одобриле такво однесување). Лицата кои се директно инволвирани ризикуваат да одат во затвор. Дури и кога изгледа дека овие закони се прекршуваат, тоа може да има сериозно влијание врз репутацијата врз Magna.

## ШТО Е „НЕДОЛИЧНО ПЛАЌАЊЕ“?

„**Недолично плаќање**“ може да вклучува поткуп, мито или плаќање за олеснување.

„**Поткуп**“ (или „**Поткупување**“) е нешто од вредност, вклучувајќи пари, подароци, услуги, попусти, забава, предност или корист од кој било тип што се дава или нуди некому за нивна лична корист и што е наменет или може да се гледа како обид да се влијае на дејство или одлука што треба да ја донесе тоа лице, во име на организацијата што ја претставува, со цел да има корист или да обезбеди предност за Magna. Примерите може да вклучуваат (i) давање пари или готовински еквиваленти на вработен кај клиентот кој е задолжен за квалитет со цел да ги игнорира или да ги третира како минорни проблемите со квалитетот на производот, или (ii) давање подароци на државен службеник во замена за поволен третман кон Magna.

„**Мито**“ е тип на поткуп. Тоа претставува враќање или прифаќање на враќањето на сумата пари што веќе е платена (или треба да се плати) како лична награда за склучување или поттикнување деловен аранжман. Примерите вклучуваат (i) добавувач кој му дава пари на вработен во Magna за да го поттикне вработениот во Magna да обработува фактури за услуги што не биле извршени или (ii) понуда да му се плати на вработениот на клиентот процент од вредноста на договорот доколку го додели договорот на Magna.

„**Плаќањето за олеснување**“ преставува тип на поткуп на државните службеници и е незаконски во повеќе земји. Типично, тие се плаќања на државни службеници од ниско ниво за да добијат рутински услуги или одлуки на кои во спротивно Magna би имала законско право (понекогаш за да се забрза услугата). Примерите вклучуваат плаќања за забрзување на приклучокот за телефон или комунални услуги или процес на царинска декларација. Magna забранува плаќања за олеснување во сите нејзини глобални операции, дури и во земји каде плаќањата за олеснување можеби се законски дозволени.

## ПОЛИТИКА НА MAGNA ВО ОДНОС НА НЕДОЛИЧНИТЕ ПЛАЌАЊА

Magna забранува недолични плаќања во сите нејзини деловни зделки, без разлика дали недоличните плаќања се нудат, вршат или плаќаат од страна на Magna или од некое лице кое делува во име на Magna (на пр. трето лице или вработен кој плаќа од сопствен џеб). Magna исто така забранува создавање лажни документи или записи за секое недолично плаќање и им забранува на вработените и на третите лица кои дејствуваат во име на Magna да бараат или прифаќаат какво било недолично плаќање (на пример, од добавувач до Magna или вработен во Magna).

Понудата или ветувањето за плаќање може да биде незаконско, дури и ако недоличното плаќање во суштина никогаш не се извршило.

Во одредени околности, даден подарок или трошоци за забава што настанале за стекнување или одржување бизнис може да се сметаат за поткуп, особено ако вредноста на подарокот е значителна или забавата е прекумерна (на пример, патни трошоци). Консултирајте се со Политиката за забава и подароци на Magna за подобро разбирање на потенцијалното поклопување помеѓу подароците и забавата и поткупот. Треба да се консултирате со правниот советник на групацијата или регионалната канцеларија или со регионалниот службеник за усогласеност со законската регулатива доколку имате прашања за тоа дали подарокот е соодветен или не. Сите трошоци за подароци или забава што настанале во име на државен службеник мора однапред да се одобрат, во согласност со Постапката за контрола на усогласеноста со законската регулатива – Трошоци за државни службеници.

## МЕЃУНАРОДНА ПРИМЕНА НА ЗАКОНИТЕ ПРОТИВ ПОТКУП

Magna подлежи на многу локални и меѓународни закони против поткуп. Некои од овие закони посебно се насочени кон поткупот на странски државни службеници. Примерите ги вклучуваат Законот за странски коруптивни практики на Соединетите Американски Држави и Законот за корупција на странски јавни службеници на Канада. Некои закони против поткуп, исто така, забрануваат недолични плаќања кон лица во приватниот сектор, како што се клиенти и добавувачи, и други облици на комерцијален поткуп. Поради распределеноста на операциите на Magna ширум светот, оваа политика не може да ги реши сите проблеми што ги покренуваат меѓународните и локалните барања. Одговорност на секој вработен во Magna е да ги разбере и да се усогласи со важечките меѓународни и локални закони. Доколку не сте сигурни дали одреден начин на однесување е незаконски или на друг начин штетен за репутацијата на Magna, пред да преземете какво било дејство, треба да се консултирате со менаџментот или со правниот советник на групацијата или на регионалната канцеларија или со регионалниот службеник за усогласеност со законската регулатива.

## ТРЕТИ ЛИЦА: АГЕНТИ, ПРЕТПРИЕМАЧИ И ДРУГИ ПОСРЕДНИЦИ

Законите против поткуп не прават разлика помеѓу дејствијата направени од Magna или од трето лице што дејствува во име на Magna. Од таа причина, Magna забранува недолични плаќања што ги нудат или вршат трети лица како агенти, претприемачи или други посредници. Мора да се уверите дека секое трето лице кое дејствува во име на Magna ги применува стандардите на деловно однесување на Magna, вклучувајќи го и Кодекс на однесување и етика за добавувачи. Во сите случаи кога Magna ќе задржи ангажман на агент, претприемач или друг посредник, мора да:

- Имате документирана основа за доверба во интегритетот на третото лице (т.е. соодветна детална анализа);
- Преземате разумни чекори за следење и спречување на недоличното однесување; и
- Реагирате соодветно на индициите за можно недолично однесување.

Кога задржувате ангажман на посредник за да комуницира со државен службеник во име на Magna, мора да извршите длабинска анализа, да добиете претходно одобрение и преку договор да го обврзете посредникот да се придржува до стандардите за усогласеност на Magna во согласност со Постапката за контрола на усогласеноста со законската регулатива за владини посредници од трета страна.

Консултирајте се со правниот советник на групацијата или регионалната канцеларија или со регионалниот службеник за усогласеност со законската регулатива доколку имате некакви прашања за ангажирање посредник, вклучително и за договорните услови, или за обновување постоен договор со посредник. Проверете дали има знаци за предупредување или „лош предзнак“ што може да укажува на ризична врска со трети лица и никогаш не игнорирајте ги таквите знаци. Тие би вклучувале ситуации во кои третото лице:

- Изгледа неквалификувано или нема доволно персонал;
- Го наведува или препорачува државен службеник;
- Бара неговиот идентитет да се држи во тајност;
- Бара плаќање во готовина или однапред или преку офшор сметки;
- Бара плаќање во земја каде што НЕ се обезбедила услугата;
- Бара фалсификување на документите;
- Бара невообичаено голема компензација во однос на обезбедените услуги или во споредба со неговите конкуренти;
- Бара надомест за невообичаено високи, нејасни или недокументирани трошоци; или
- Секое друго однесување што може да претставува ризик од поткуп.

Кога постојат некои од овие „лоши предзнаци“, потребни се дополнителна истрага и консултација со правниот советник на групацијата или регионалната канцеларија или со регионалниот службеник за усогласеност со законската регулатива.

## ПРЕКРШУВАЊА

Секое прекршување на оваа политика ќе се смета како сериозно прашање и ќе се санкционира со дисциплинска постапка до максимум и вклучително со прекин на вработувањето.

Ако знаете или се сомневате дека некој го прекршил Кодексот на однесување и етика на Magna или оваа политика, веднаш треба да го пријавите вашето сомнение кај (i) вашиот менаџер, (ii) финансискиот службеник на одделението или групацијата, (iii) правниот советник на групацијата или регионалниот советник, (iv) регионалниот службеник за усогласеност со законската регулатива, (v) потпретседателот, одговорен службеник за усогласеност со законската регулатива за етика или (vi) преку Линијата за помош на Magna.

Согласно Политиката против одмаздување на Magna, се забранува одмаздување (или каква било закана или одмаздување) кон кое било лице кое со добра намера пријавило какво било прекршување на Кодексот на однесување и етика на Magna или на оваа политика („Пријавувач“) или кон кое било лице кое му помага на пријавувачот или е поврзано со него.

## КОРИСНИ СОВЕТИ

## СЕКОГАШ…

- Погрижете се целосно да ги разберете важечките закони и пристапот на Magna кон нудењето и прифаќањето подароци и забава (погледнете ја и Политиката за подароци и забава на Magna).
- Извршувајте соодветна детална анализа при избирањето и ангажирањето трети лица (вклучително независни претприемачи и лобисти).
- Усогласувајте се со постапките за контрола на усогласеноста со законските регулативи за владини посредници од трета страна и трошоците за владини службеници.
- Пренесете ги нашите барања против поткуп на трети лица преку формален договор, преговарајте за нивно прифаќање и погрижете се активностите на трети лица да бидат следени и ревидирани во текот на времетраењето на нивниот договор.
- Пренесете им го Кодексот на однесување на добавувачите на Magna на добавувачите.
- Осигурете се дека сите трошоци се прецизно евидентирани, вклучувајќи ги и оние што се обработуваат преку ситна готовина.
- Осигурете се дека сите барања за плаќање упатени до персоналот за финансии соодветно се

поддржуваат со легитимни фактури, овластени од неопходните вработени со важечки ограничувања за потпишување, испратени до легитимни приматели и за соодветна деловна цел што е во согласност со обемот на работа договорен со третото лице. Треба да се извршат соодветна детална анализа и интерно пријавување на сите сомнителни барања за плаќање.

## НИКОГАШ…

- Не нудете му ништо вредно на државен службеник или друго лице за да стекнете вистинска или перципирана недолична корист или предност.
- Не дозволувајте тајни провизии, ниту слични недолични плаќања. Ова вклучува договори направени со политички влијателни индивидуи, компании или организации каде што надоместоците се непропорционални со легитимните понудени услуги.
- Не вршете плаќање за олеснување ниту плаќање на кое било лице (во готовина или во натура) за услуга на која Magna вообичаено нема право. Примерите вклучуваат плаќање на државен службеник за прекувремена работа, работа за време на локални празници или преземање должности надвор од опсегот на нивниот редовен опис на работното место.
- Не правете ништо со што ќе поттикнете или олесните некој друг, вклучително и агент или претставник на Magna, да изврши недолично плаќање.
- Не основајте неевидентиран „резервен“ фонд.
- Не барајте и не прифаќајте недолично плаќање.
- Не заобиколувајте, ниту забрзувајте барање за плаќање доставено до луѓето од Финансии преку делење на плаќањата.
- Не извршувајте го плаќањето лично со цел да избегнете усогласување со Кодексот на однесување и етика на Magna или оваа политика.

## ВНИМАВАЈТЕ НА…

- Секое барање за плаќање на трето лице што е непропорционално со дадените услуги.
- Секое барање за плаќање што изгледа сомнително или за некое име или во јурисдикција што не е поврзана со трансакција, вклучително, но не ограничувајќи се на добротворна организација или фондација или политичка партија.
- Заднински информации за постоечки или потенцијални претставници на трети лица или други посредници што сугерираат дека тие можеби преземаат активности што би можеле да се сметаат за недолични.
- Давање или примање деловни подароци или забава за време на процес на лицитирање или тендер.

## ЗА ПОНАТАМОШНИ ИНФОРМАЦИИ:

За понатамошни информации или совет, контактирајте со правниот советник на групацијата или на регионалната канцеларија, регионалниот службеник за усогласеност со законската регулатива или потпретседателот на Magna задолжен за етика и усогласеност со законската регулатива.

| | |
|---|---|
| Issued: | June 1, 2014 |
| Revised: | June 20, 2024 |
| Next Review: | Q2 2027 |
| Issued By: | Ethics & Legal Compliance |
| Approved By: | Magna Compliance Council |